04.04.2016, 17:47

# ТАЖЕН Е ПАРИЗ БЕЗ ТЕБЕ ГИЧЕ!



**„Глигор Чемерски и' се оддолжи на Македонија. Допрва ќе се види дали Македонија му се оддолжила нему“, напиша по повод смртта на големиот уметник, академик Митко Маџунков**

**Катерина Богоева**

„Тажен е Париз без тебе, Гиче!“ е насловот на песната која париските пријатели на деновиве починатиот, сликар, мозаичар, графичар, ерудит од голем формат, академик Глигор Чемерски, го испратија вчера до Климе Коробар, претседателот на Асоцијацијата за култура ИКОН кое со голема почит го објавуваме. Од Париз каде што академик Чемерски, кој беше познат и по прекарот Гиче, беше на студиски престој во 1969-70 година.

Градот што тој самиот пред петнаесетина дена го спомена во своето обраќање под наслов „Сликарство Скопје – Париз“ на симпозиумот во Македонската академија на науките и уметностите на тема „Новите предизвици на франкофонијата и на францускиот јазик во рамките на глобализацијата“. Почитувачите на вредното и многубројно творештво на академик Глигор Чемерски, и неколку дена по неговата смрт (2 април), го потенцираат неговото значење за развојот на културата и уметноста во земјава и надвор од неа. „Македонија со преселувањето на големиот македонски уметник Глигор Чемерски изгуби еден значаен творец, но кога говориме за човек од рангот на Гиче, сепак, зад него остануваат неговите дела и спомените за вечно паметење. Неговото сликарство претставува еден континуиран процес на истражување на Византија, при што на тие корени изгради еден модерен пристап и создаде низа современи, модерни дела“, посочи вчера Климе Коробар, кого со големиот уметник го врзуваше повеќедецениско пријателство.

Историчарката на уметност Соња Абаџиева на социјалните мрежи, по објавувањето на веста за смртта на Чемерски, испрати свој текст кој се препраќаше на „Фејсбук“ каде што уште на почетокот таа потенцира дека „Глигор Чемерски е еден од духовните наследници на големиот Никола

Мартиновски". „Со дискурс во контекст на неговата возраст, вкусот на генерацијата и расположениeто на времето, создава во рамките на новата фигурација, тогаш актуелна во некогашна СФРЈ. Со нагласена колористичка палета, во почетокот со блага диференцијација на плановите и со меки тонски нијанси ('Коза' 1963, 'Чуварот на гнездото' 1964, 'Летен пламен' 1968, 'Момче и коза' 1969) го воспева идиличниот свет на вегетацијата, фауната и (човекот) детето. Нагонот на задоволството, дисперзиран низ игрите, ората и танцувањата, мотивирани од паганските/митолошките празнувања, се трансформира во вистинска метафора на животот. Еротската обоеност на атмосферата ('Самрачно оро', 1975, 'Сатир 4' 1979, 'Бавча на љубовта' 1882) и сладострасните пулсирања на играорците ги повторуваат и обновуваат времињата во кои исполнетоста и среќата господареле со природата... Нагласеното сонување, естетиката на сензуалното, хронолошки се совпаѓа со оликовувањето на темите посветени на македонската религиозна иконографска традиција, особено сцените на оплакувањата од манастирот 'Св. Пантелејмон' во Нерези ('Ангелот од Курбиново' 1982, 'Оплакување' 1995)... Модернизмот за Чемерски не е дојден до крајната точка – не е завршен проект. Користените цитати од историјата на сликарството се само постмодернистички доблести. Како поинаку да се сфатат оплакувањата, светците и мачениците во неговите слики, освен како желба за допир на почетната вистина?", ќе напише меѓу другото Абаџиева, која жали што Чемерски многу доцна стана член на МАНУ (2012) и што не работеше како професор на Факултетот за ликовна уметност - Скопје.

„Уметноста на Чемерски е празник за Македонија и споменик на Македонија", посочи академик Митко Манџуков во насловот на својот текст укажувајќи дека „Чемерски е сликар за чие претставување не требаат многу зборови". „Доволно е тоа дело да се види, па да се почувствуваат неговата монументалност, убавина и важност". „Поврзувајќи го византиското сликарство со искуството на модерната уметност, пред се' она на кубизмот и експресионизмот, Чемерски создаде една автентична национална уметност, за која националните обележја не се темите, туку врзаноста за артефактите на постарите културни слоеви, како вечната мајка скаменета во болка – ликовна надградба на 'Оплакување' од Нерези и персонификација на 'мајка Македонија' – борбата меѓу доброто и злото и вечниот дуализам, олицетворени со свети Ѓорѓи и ламјата, Даниел во средбата со лавот, старите мозаици на Хераклеа кои ќе оживеат, гладните птици кои никогаш нема да се заситат, 'живата Византија' како врска меѓу знакот и значењето итн. Тука е и нераскинливата врзаност за вегетативниот и минералниот свет. Во рамките на тие архетипови односно мотиви, постои една развојна линија која може лесно да се следи, како на пример, во постепената преобразба на свети Ѓорѓи и ламјата, се' до редукцијата на тој мотив во детски цртеж, редукција која, како и познатата метаморфоза на бикот кај Пикасо, покажува како се расенува животот, но истовремено и како од неговото месо се создава духот на модерната уметност. Автентичноста не може да се потврди без иновација. Тоа кај Чемерски може да се следи на монументалните дела, на сликите, на тематските целини, графиките, цртежите, или внатре во нив, во склопот на нивната еволуција. Една од омилените теми на Чемерски е приказната за трите тајни знаци од времето на иконокластите – крстот, ленгерот и рибата – кои успеале да ја надраснат својата криптограмска судбина и да се отелотворат како уметност. Тие три скриени знаци, што постојано се преобразуваат и пpеродуваат, се основата на потрагата на Чемерски во уметноста; затоа тие, како авторски потпис, се среќаваат на многу негови платна, 'Споменикот на слободата' од Кочани, мозаичкиот диптих 'Македонија – светла земја' и 'Македонија – земјата памети' од претседателската палата на Водно, 'Триптихот Македонија', сместен во МАНУ и многу сликарски платна, графики и цртежи на Чемерски се вистински ремек-дела.

Едно такво несомнено ремек-дело, создадено во 2013 година во Вевчани и едно од најважните не само во опусот на Чемерски туку и воопшто во македонското сликарство – е она за Одисеј и сирените, каде што се собрани сите градивни елементи од творештвото на Чемерски, криптограмите, јаболкниците-рози, тиквешките или охридските девојки, ангелите претворени во сирени, сето тоа на фонот на мајсторски оставениот палимпсест што ќе ја потврди временската вертикала", напиша академик Маџунков, нагласувајќи дека Чемерски сакаше највредните негови дела да останат во Македонија. „Тој и' се оддолжи на Македонија. Допрва ќе се види дали Македонија му се оддолжила нему. Уметноста навистина не заборава, а

Deutsche Welle
Има ли опозиција во Србија?
СЈО: Груевски осомничен за перење пари и местење тендер за патишта
Прославени титулите во Минхен и Мадрид

ќе се види дали земјата помни“.

Комеморацијата за академик Глигор Чемерски ќе се одржи денеска со почеток во 11 часот во МАНУ, а погребот ќе се изврши на Градските гробишта „Бутел“ во 13 часот. Посмртните останки ќе бидат изложени во капелата во 12 часот.

**Тажен е Париз без тебе, Гиче!**

Последен поздрав до бесмртниот

Глигор Чемерски (1940 – 2016)

од неговите париски пријатели

Денес на 5 април летото Господово 2016-то

Кога заминуваш во Вечноста

Покрај твојата родна Македонија тажен е и Париз, без тебе Гиче

Зошто беше твој втор роден град, по судбина и по универзализам

Тажни се сите париски галерии,

Каде со раскошот на твоите бои блескаше твојот Божји дар,

Од Сена до УНЕСКО

Тажни се париските гробишта од Монпарнас до Перлашез

Од каде те поздравуваат твоите браќа по штафелај

Од уметничкиот интернационален бескрај

Делакроа, Жерико, Модилјани, Пикасо, Џакомети и Матис

Тажни се париските бистроа од Муфтар до Ла Палет

Каде се прераскажува ерудицијата на твоите монолози

Зошто само ти можеше да претвориш 1000 години историја на уметноста

Во еден миг, во еден гест,

Од Антиката до Византија и оттаму до Постмодернизмот

Затоа кога ќе ги спомeнеше фреските од Нерези и Курбиново

Те цитираа од ателјеата на Академијата на убавите уметности

До амфитеатрите на Сорбона

Од Париз твоето сликарство ја бранеше идејата

Дека Цивилизацијата е само историјата на Духот,

за разлика од сегашната историска перверзија и „Тиранијата на баналноста“

Како што велеше твојот париски пријател Данило Киш

Која владее со политички терор, криминал и корупција

Во Светот што го живееме

Ако се земе твојата духовна и уметничка величина како критериум

По твоите триумфални изложби на повеќе меридијани,

Меѓу Вашингтон и Москва

Македонија

Што ти ја носеше како интимна Фреска, во твојот неповторлив сликарски гениј

Беше доживувана како вистинска ликовна Велесила

На Мапата на Светот!

Нека биде вечен споменот на твојот светски дух, Гиче!

Париз 5 април, 2016

Јордан Плевнеш,Клод Дервен, Омер Калеши, Ноел Принц, Киба Таканобе, Памела Тол,

Гаел Тестин, Лилјана Котевска Плевнеш, Филип Диран, Жаклин Белонд, Весна

Бајалски,Саед Дервиш,Илеана Галети.

Статијата е прочитана 2060 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

**ОСТАНАТИ ВЕСТИ**

**Бом-бом, бомби (23)**
**Слики од Блерта Сурои на изложба во КИЦ**
**Промоција на книга од Марина Мијаковска**
**„Стапнувајќи на земја“ го отвора „Танц фест“**
**„Прасето кое сакаше да биде птица“ номиниран за специјална награда на УНЕСКО**
**Втор компакт-диск на Симон Трпчески во издание на „Вигмор хол“**

период од-до 2006 - 2014

Утрински весник

ONLINE ИЗДАНИЕ
Вести
Магазин
Спорт
Култура

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Политика
Македонија
Економија
Хроника
Коментари
Свет
Култура
Спорт
Скопје
Забава
Хороскоп

ПРИЈАТЕЛИ
Дневник
Вест
Теа Модерна
Огласник 24

МАРКЕТИНГ

РЕДАКЦИЈА

ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат

Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk

POWERED BY nextsense